Друштво за проектирање,трговија и услуги
ИНТЕРПРОЕКТ ДИЗАЈН СТУДИО ДООЕЛ извоз-увоз
Бр. 03071/1
14.02 2022 год.
КАВАДАРЦИ

*Република Северна Македонија*
***ОСНОВЕН СУД КАВАДАРЦИ***
***Су 02.бр.-2-6/2022***
***14.02.2022 година***
***К а в а д а р ц и***

**Д О Г О В О Р**

ЗА ЈАВНА НАБАВКА НА РАБОТИ

склучен на ден 14.02.2022 година, помеѓу следните:

**ДОГОВОРНИ СТРАНИ:**

**ОСНОВЕН СУД КАВАДАРЦИ**, ул.,,Нов Белград,, бр.16 , со ЕМБС 4021959, застапуван (о) од Претседателот на судот д-р Лазар Нанев
(во понатамошниот текст -нарачувач) од една страна,

и

**Друштво за проектирање, трговија и услуги ИНТЕРПРОЕКТ ДИЗАЈН СТУДИО извоз-увоз ДООЕЛ Кавадарци** со седиште на ул.,,Западен Булевар бр.77 а Кавадарци, со ЕМБС 6541410, застапуван (о) од управителот Ана Китанов Јанева од Кавадарци.
(во понатамошниот текст Носител на набавката-изведувач) од друга страна.

**Член 1**

**Предмет на договорот**

Предмет на овој договор е изведување на занатски работи – реконструкција и адаптација на судница за дигитално судење за потребите на Основен суд Кавадарци со опис на работите според следната спецификација:

**1 – Канцелариска столица**

| Ред. бр. | Назив и опис на средствата | Един. мерка | Количина |
|---|---|---|---|
| 1 | Набавка, транспорт и монтажа на вртлива работна фотеља со раконаслон според норма МКС ЕН 1335-1:2010, МКС ЕН 1335-2:2018 или еквивалентно со следните карактеристики - пневматско подесување на висината- мултифункционален механизам за подигање, спуштање и менување на наслон - метална хромирана звезда – за постоље со 5 | пар. | 10 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | гумирани тркала со димензија од минимум Ф 50- метални хромирани раконаслони обложени со сунгер и еко кожа во црна боја, седиштето и наслонот да се обложени со полиуретански сунгер со густина од минимум 30кгр/м3 и тапацирани со еко кожа во црна боја | | |

**2 – Работна столица**

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2 | Работна столица, Изработена од метален-овален профил ( 30 x 15 x 2 мм) метална конструкција во боја-црна електростатски фарбана со прашкаста боја заштитено од корозија седиштесо мин. димензии 45 x 40x1 см и наслонот со мин. димензии 45 x 35 x1 см изработени од дрво и тапацирани со мебел штоф, од доле поставен пластичен чеп за ногарките. | пар. | 5 |

**3 – Работно биро**

| | | | |
|---|---|---|---|
| 3 | **Работно биро за во судница наменето за адвокати и тужители (со транспорт и монтажа):** Работно биро со вертикална преграда , изработено од фурнир медијапан со дебелина од 1,7cm склопено под агол и добивање дебелинаод 4cm. Дезен (дрво -цреша) ,(ш+д+в)( 260 x 80 x 75 cm.) ногарки од метална конструкција-овален профил. | пар. | 2 |

**4 – Работно биро**

| | | | |
|---|---|---|---|
| 4 | **Работно биро за во судница наменето за судии и помошници (со транспорт и монтажа):** Работно биро со вертикалн преграда, изработено од фурнир медијапан со дебелина од 1,7cm склопено под агол и добивање дебелинаод 4cm. , (ш+д+в) ( 321+96 x 80+20 x 75 cm.) ногарки од метална конструкција-овален профил. | пар. | 1 |

**5 – Работно биро**

| | | | |
|---|---|---|---|
| 5 | **Работно биро за во судница наменето за сведоци(со транспорт и монтажа):** Работно биро, Изработено од фурнир медијапан во дрво дезен (цреша) со дебелина од 1.7cm ,(ш+д+в) ( 63 x 47 x 124 cm.) | пар. | 1 |

**6 – Облоги од фурнир медијапан**

| | | | |
|---|---|---|---|
| 6 | **Облоги од фурнир медијапан за радијатори** Изработено од фурнир медијапан во дрво дезен (цреша) со дебелина од 1.7cm ,(ш+д+в) ( 200 x 30 x 80 cm.) | пар. | 2 |

**7 – Облоги од фурнир медијапан**

| | | | |
|---|---|---|---|
| 7 | **Ѕидни облоги од фурнир медијапан** Изработено од фурнир медијапан во дрво дезен (цреша) со дебелина 1,7cm ,(ш +в) ( 500 x 311 cm.) | пар. | 1 |

**8 – Вариолајт ролетни**

| | | | |
|---|---|---|---|
| 8 | Вариолајт ролетни со димензија (250 см x 150 см) | пар. | 3 |

**Член 2**

**Цена**

Вкупната цена за изведување на занатските работи–реконструкција и адаптација на судница за дигитално судење -канцелариски мебел за потребите на Основен суд Кавадарци изнесува 508.000,00 денари без пресметан ДДВ 18% или вкупна цена од 599.440,00 денари со пресметан ДДВ 18%.

Единечните цени за изразување на поделните фази и позиции од договорените работи се дадени во понудата, одосно предмер пресметката, која е составен дел од овој договор.

**Член 3**

**Начин и рок на изведување на работите**

Носителот на набавката-изведувачот е должен занатските работи кои се предмет на договорот да ги изведе согласно приложената техничка спецификација .

Носителот на набавката-изведувачот е должен да ги изврши работите во рок од 15 работни дена од денот на склучување на договорот.

Доколку предвидениот рок се пролонгира за истото изведувачот ќе плаќа договорна казна.

Договорната казна изнесува 1%о ( 1 промил) од вкупната договорена цена на работите за секој ден задоцнување ако работите не се завршат во предвидениот рок, со тоа што износот на така определената договорна казна не може да премине 5% од вкупната цена на работите.

Кога казната е договорена за случај да се задоцни со извршување на обврската, Нарачувачот може да бара и исполнување на обврската и договорна казна.

**Член 4**

**Начин, услови и рокови на плаќање**

Нарачувачот се обврзува плаќањето на изведувачот да го врши, на начин определен во тендерската документација.

Нарачувачот се обврзува плаќањето на цената од чл.2 на овој договор на изведувачот да го изврши во рок од 30 дена по изведување на работите, а по приемот на фактурата и испратницата во архивата на договорниот орган- нарачувачот, на сметка и банка за која писмено ќе го извести изведувачот.

**Член 5**

**Обврски на нарачувачот**

Нарачувачот се обврзува дека ќе ја плати вкупната цена која е определена во чл.2 од овој договор на начин определен во чл.4 од овој договор.

**Член 6**

**Обврски на носителот на набавката**

Носителот на набавката-изведувачот се обврзува да ги изведе предвидените занатски работи -канцелариски мебел согласно приложената техничка спецификација,.

Изведувачот се обврзува по изведување на занатските работи предмет на договорот да достави , фактура , испратница- спецификација за извршените работи до нарачувачот.

**Член 7**

**Динамика на извршување на работите**

Изведувачот е должен сите работи предвидени во член 2 од овој Договор да ги заврши во рок од 15/петнаесет работни дена.

Изведувачот има право да бара продолжување на рокот за изведување на работите во случај во кој поради променети околности или неисполнување на обврските од Нарачувачот бил спречен да ги изведува работите.

Како причини, поради кои, во смисла на став 1 од овој член, може да се бара продолжување на роковите, се сметаат особено:

1) природни настани (пожар, поплава, земјотрес, исклучително лошо време, невообичаено за годишното време и сл.);
2) мерките предвидени со акти на надлежните органи;
3) задоцнување на воведувањето на Изведувачот во работата;
4) задоцнување во испораката на опрема, ако опремата ја набавува Нарачувачот или ја испорачува лице кое го определил Нарачувачот;
5)непредвидените работи за кои Изведувачот при склучување на договорот не знаел ниту можел да знае дека мораат да се изведат;
6)вишоци на работите над 10 % од договорените количества на работите и др.

Изведувачот е должен барањето за продолжување на рокот да го поднесе до Нарачувачот штом ќе дознае за причината поради која рокот може да се продолжи.

**Член 8**

**Јазик на договорот**

Јазик на Договорот и на другите документи кои претставуваат составен дел на Договорот е Македонскиот јазик.

**Член 9**

**Гаранција**

Носителот на набавката-изведувачот ќе гарантира на солидност и квалитетно

извршување на работите во рок од 5/пет/ години, сметано од денот на примопредавањето на извршените работи.

Ако за време на гарантниот рок се појават недостатоци изведувачот на своја сметка ги поправа и отстранува сите мани поради лошиот квалитет на изведените работи или поради употреба на неквалитетен материјал на објектот, истите се отстрануваат по претхоно барање од страна на нарачателот и тоа во рок од 15 дена од денот на примањето на барањето за отстранување на недостатоците.

### Член 10

**Начин на примопредавање на изведените работи**

Веднаш по завршувањето на работите Изведувачот го известува Нарачувачот дека занатските работи предмет на договорот се завршени.

Нарачувачот и Изведувачот се должни без одлагање да пристапат кон примопредавање.

Ако Нарачувачот започнал да го користи работите пред примопредавањето, се смета дека примопредавањето е извршено со денот на почетокот на користењето.

За примопредавањето се составува записник .

### Член 11

**Раскинување на договорот**

Овој договор може да се раскине кога една од договорните страни нема да ги исполни своите обврски.

Договорната страна која не може да ги исполни обврските од договорот е должна на другата страна да и ги соопшти причините за неисполнување на обврските и да бара раскинување на договорот.

### Член 12

**Корупциско или измамничко однесување**

Договорните страни се согласни да ги применат највисоките стандарди за етичко и законито однесување за време на реализација на овој Договор.

### Член 13

**Применлив закон**

За се што не е регулирано со овој договор ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи и позитивните законски прописи во Република Северна Македонија.

### Член 14

**Завршни одредби**

Измени и дополнувања на договорот можат да се вршат со заедничка согласност на договорните страни по писмен пат.

Договорот може да се менува со Анекс-Договор само во согласност со одредбите од Законот за Јавни набавки и тендерската документација.

**Член 15**

Овој Договор е склучен во 4 (четири) истоветни примероци од кои два за Набавувачот и два за Добавувачот.

| **НАРАЧУВАЧ** | **ИЗВЕДУВАЧ** |
|---|---|
| **ОСНОВЕН СУД КАВАДАРЦИ** | **Друштво за проектирање, трговија и услуги ИНТЕРПРОЕКТ ДИЗАЈН СТУДИО извоз-увоз ДООЕЛ Кавадарци** |
| **Претседател на судот**<br>**д-р Лазар Нанев** | **Управител**<br>**Ана Китанов Јанева** |

## Листа на цени по јавна набавка за реконструкција и адаптација на судница за дигитално судење за потребите на Основен суд Кавадарци

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Опис | Единица мерка | Количина | Единечна цена без ДДВ | Увозни царини [доколку цената не е оптеретена со увозни царини, да се избрише] | Вкупна цена без ДДВ (3*4) | ДДВ |
| **1.Канцелариски столици** Набавка, транспорт и монтажа на вртлива работна фотеља со раконаслон според норма МКС ЕН 1335-1:2010, МКС ЕН 1335-2:2018 или еквивалентно со следните карактеристики - пневматско подесување на висината- мултифункционален механизам за подигање, спуштање и менување на наслон - метална хромирана звезда – за постоље со 5 гумирани тркала со димензија од минимум Ф 50- метални хромирани раконаслони обложени со сунгер и еко кожа во црна боја, седиштето и наслонот да се обложени со полиуретански сунгер со густина од минимум 30кгр/м3 и тапацирани со еко кожа во црна боја | пар. | 10 | 25.000 | | 250.000 | 45.000 |
| **2. Работни столици** Работна столица, Изработена од метален-овален профил ( 30 x 15 x 2 мм) метална конструкција во боја-црна електростатски фарбана со прашкаста боја заштитено од корозија седиштесо мин. димензии 45 x 40x1 см и наслонот со мин. димензии 45 x 35 x1 см изработени од дрво и тапацирани со мебел штоф, од доле поставен пластичен чеп за ногарките. | пар. | 5 | 15.000 | | 75.000 | 13.500 |
| **3.Работно биро** **Работно биро за во судница наменето за адвокати и тужители (со транспорт и монтажа):** Работно биро со вертикална преграда, изработено од фурнир медијапан со дебелина од 1,7cm склопено под агол и добивање дебелинаод 4cm. Дезен (дрво -цреша) ,(ш+д+в)( 260 x 80 x 75 cm.) ногарки од метална конструкција-овален профил. | пар. | 2 | 25.000 | | 50.000 | 9.000 |
| **4. Работно биро** **Работно биро за во судница наменето за судии и помошници (со транспорт и монтажа):** Работно биро со вертикалн преграда, изработено од фурнир медијапан со дебелина од 1,7cm склопено под агол и добивање дебелинаод 4cm. , (ш+д+в) ( 321+96 x 80+20 x 75 cm.) ногарки од метална конструкција-овален профил. | пар. | 1 | 30.000 | | 30.000 | 5.400 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **5.Работно биро**<br>**Работно биро за во судница наменето за сведоци(со транспорт и монтажа):**<br>Работно биро, Изработено од фурнир медијапан во дрво дезен (цреша) со дебелина од 1.7cm ,(ш+д+в) ( 63 x 47 x 124 cm.) | пар. | 1 | 12.000 | | 12.000 | 2.160 |
| **6.Облоги од фурнир медијапан**<br>**Облоги од фурнир медијапан за радијатори**<br>Изработено од фурнир медијапан во дрво дезен (цреша) со дебелина од 1.7cm ,(ш+д+в) ( 200 x 30 x 80 cm.) | пар. | 2 | 12.500 | | 25.000 | 4.500 |
| **7.Облоги од фурнир медијапан**<br>**Ѕидни облоги од фурнир медијапан** Изработено од фурнир медијапан во дрво дезен (цреша) со дебелина 1,7cm ,(ш +в) ( 500 x 311 cm.) | пар. | 1 | 30.000 | | 30.000 | 5.400 |
| **8.Вариолајт ролетни**<br>Вариолајт ролетни со димензија<br>(250 см x 150 см) | пар. | 3 | 12000 | | 36.000 | 6.480 |
| | Вкупна цена без ДДВ 508.000,00<br>Со зборови: петстотини и осум илјади денари | | | | | |